# ВЕТЕНИОТ СПАСИТЕЛ

ВАЖНО!
Илустрациите за овие серии можат да се купат од повеќето канцеларии на МЕД и онлајн продавници. За да најдеш список на канцелариите на МЕД, како и на онлајн продавниците, посети ја страницата www.teachkids.eu/mk и кликни на „Локации“.

Copyright © 2003 Child Evangelism Fellowship
Сите права придржани. Преведено со дозвола.
Смее да се умножува за лична, непрофитна и некомерцијална употреба.
За комплетните детали во врска со правата посети ја страницата www.teachkids.eu/mk

# Ветениот Спасител

## Слика 1

Сите со нетрпение го очекуваат Божик поради добивањето подароци, вкусните јадења, можноста да се биде заедно со семејството и да се биде на училиштен распуст. Тие се добри работи што треба да ги очекуваш. Насекаде луѓето си посакуваат Среќен Божиќ. Сепак, сите пари што се трошат и сета растрчаност наваму - натаму, честопати кај луѓето придонесува да заборават на вистинското значење на Божиќ. Многу луѓе не одвојуваат време да му благодарат на Бог што ни го даде Неговиот Син како подарок, тие размислуваат што ќе прават, наместо што направил Бог. Не им е потребен Спасител во нивниот живот.

## Слика 2

Постои друга причина да се биде среќен на Божик. На првиот Божик им се појавил ангел на пастирите и им рекол: "Ви носам добра вест, голема радост, која ќе биде за сите народи: зашто денес, во Давидовиот град, ви се роди Спасител Кој е Христос Господ" *(Лука 2:10,11)*. На Божик, ти можеш да се радуваш за подароците, вкусните јадења, за училишниот распуст и за другите изненадувања, но можеш многу да се радуваш што Господ Исус дојде да нѐ спаси од нашиот грев, за да биде наш Спасител. Без Него не постои простување за лошите работи што сме ги направиле, не постои надеж да одиме на небото за да бидеме со Него. Ветениот Спасител дојде на Земјата.

Разгласувањето на ангелот, сигурно, ги изненадило пастирите. Тие биле исплашени. Тие потполно не разбрале што значело тоа дека се родил Спасителот. Тој бил најважниот настан во историјата од создавањето на светот и тие први дознале за доаѓањето на Спасителот.

Додека ја слушаш лекцијата денес, можеби, ќе има некои работи што нема да можеш да ги разбереш. Ако сакаш Господ Исус Христос да стане твој Спасител, но не знаеш како тоа може да се направи тоа, би ми било мило да ти помогнам. Остани на местото каде што седиш, откако другите ќе си заминат на крајот на часот. Ако видам дека седиш на своето место, ќе знам дека сакаш да ме прашаш како може да ти се простат гревовите и ќе ти објаснам од Библијата што ти треба да направиш, а што ќе направи Господ Исус.

Пастирите не разбрале сѐ што им било кажано, но отишле во Витлеем да Го видат Оној за Кого им зборувале ангелите. Ги нашле Марија и Јосиф и новороденчето како лежи в јасли. Тие се исполниле со радост кога го виделе оној Кој им бил ветен пред многу години. Го прославиле Бог за сите работи што ги слушнале и виделе. Колку прекрасен миг било тоа за нив.

## Слика 3

Знаеш ли колку ветувања Бог ни дава во Стариот завет, првиот дел од Библијата, поврзани со доаѓањето на Спасителот? Божјите гласници - пророците, стотици години, зборувале за Спасителот Кој Бог требал да Го испрати на Земјата. Можеш ли да погодиш колку ветувања се дадени таму - 50, 100, 200, 300? Одговорот е над 300 ветувања за Спасителот и што Тој ќе направи. Бог дури ни дал 30 ветувања, посебно за тоа колку Спасителот требаше да страда за време на шесте часа на крстот, кога Тој ја презеде врз себе казната за нашите гревови. Во Библијата се вели: "А кога се исполни

времето, Бог Го испрати Својот Син..." *(Галаѿјаниѿе 4:4)*. Во точно определено време во човечката историја, ни година порано или подоцна, Бог Го испратил Својот Син на Земјата. Тој чекал сѐ додека не било сѐ подготвено за исполнување на Неговите ветувања. Со векови, Тој го подготвувал Својот народ.

Честопати ние не се подготвуваме да го прославиме Божик како што треба. Толку многу брзаме, што оставаме многу работи да бидат извршени во последен миг. Бог не брзал; го избрал векот, годината, месецот, а дури и денот кога Господ Исус требало да се роди. Тој грижливо подготвил сѐ: "А кога се исполни времето, Бог Го испрати Својот Син...".

Знаеш ли кога Бог прв пат го ветил доаѓањето на Спасителот? Тоа било на почетокот на создавањето, кога човекот прв пат згрешил. Се сеќавате на таа случка, нели?

## Слика 4

Бог ги оставил првиот маж и жена во една прекрасна градина. Тој им рекол дека ќе можат да јадат од плодовите на секое дрво, освен од дрвото на познавањето на доброто и злото. Тој им рекол дека оној ден кога ќе каснат од тој плод, ќе умрат.

Сатаната, Божјиот непријател, дошол во Едемската градина преправен како змија. Тој ја наговорил Ева да земе од плодот на дрвото на познавањето на доброто и злото. Наместо да Го послуша Бог, Ева го послушала сатаната и каснала од плодот на дрвото. Таа му дала и на Адам, па и тој каснал. Тие не Го послушале Бог.

Ние, исто така, сме му непослушни на Бог. Ајде да ви покажам нешто. Дали некогаш набрзина си се подготвувал за на училиште, кога закопчувајќи го палтото ќе видиш дека останал еден отвор за кој нема копче. Потоа уште еднаш ќе се обидеш и тогаш ќе ти остане едно копче, за кое нема отвор. Причината е во тоа што, ако погрешно си го закопчал првото копче, сите копчиња надолу ќе бидат погрешно закопчани. Тоа ни помага да разбереме што ни се случи нам. Адам и Ева згрешиле; нивните деца згрешиле и по таа линија надолу до денес сите згрешиле и Му биле непослушни на Бог - дури и ти и јас. Бог вели: **"Не кради"**. Дали некогаш си зел нешто што не било твое? Бог вели: **"Не сведочи лажно"**. Дали некогаш си излажал? Можеби, мајка ти те прашала дали си направил нешто лошо, а ти велиш: **"Не"**. Сепак ти си го направил тоа и така ти кажуваш лага. Сите ние сме Му биле непослушни на Бог.

Сепак, Бог им кажал на Адам и Ева дека Тој ќе испрати некој Кој ќе го победи сатаната *(Покажи ѓи зборовиѿе и библискаѿа референца Биѿие 3:15)*. Бог рекол: "Ставам непријателство меѓу тебе и жената и меѓу родот твој и породот нејзин. Тој ќе ти ја гази главата, а ти ќе го каснуваш во петицата". Еден ден, една жена требало да роди едно необично новороденче. Тоа требаше да биде посилно од Сатаната, Божјиот непријател. Тој требаше да Го победи Сатаната, иако притоа самиот тој ќе пострада.

Бог го исполнил своето ветување. Кога Господ Исус умрел на крстот и воскреснал, Тој го победил Сатаната. Ако веруваш во Господ Исус Христос, како твој Спасител, ти можеш да го присвоиш тоа ветување за себеси. Пред да повеpуваш во Христос, ти не можеш да престанеш да го правиш тоа што е погрешно и ти не можеш да му кажеш **"не"** на Сатаната. Ти си роб на твоите грешни навики. Сега, кога ти поверува во Господ Исус Христос, ти имаш желба да му кажеш **"не"** на Сатаната и на правењето лоши работи. О, да, ти сѐ уште правиш лоши работи, но ти не си постојано совладуван од

нив, како што си бил порано. Сега ти можеш да кажеш **"да"** и да ја извршуваш Неговата волја. Бидејќи Бог Го исполнил Своето ветување и Господ Исус дошол да Го победи Сатаната, ти ја имаш победата во Него.

## Слика 5

Следното ветување за Спасителот Кој требало да дојде, било дадено 2000 години пред Неговото раѓање. Нели тоа е прекрасно! Бог му го дал тоа ветување на Авраам. Бог рекол дека Спасителот ќе биде еден од неговите потомци и дека преку Него сите народи ќе бидат благословени *(Покажи го местото каде што се запишани овие зборови Битие 12:3).*

Бог ова ветување му го дал на Авраам: "Преку тебе ќе бидат благословени сите родови на Земјата". Пред четири илјади години Авраам не знаел дека ќе има Британци, Кинези, Турци, Македонци. Сепак, Бог го знаел тоа и Тој, исто така, знаел дека секој човек или народ кој ќе поверува во Христос, добива вистински благослов.

Тоа ветување било исполнето со Господ Исус Христос. Тој е единствениот Спасител. "Никој не доаѓа кај Таткото, освен преку Него". Исус Христос е единствениот Спасител: "Под небото нема друго име дадено на луѓето, со кое би можеле да се спасиме" *(Дела на апостолите 4:12).*

Ти денеска можеш да го присвоиш за себе тоа ветување. Ќе ти се простат гревовите и ќе бидеш благословен, ако поверуваш во Господ Исус Христос. Секој кој ќе поверува во Исус, веднаш станува оправдан во Божјите очи. Нели е тоа прекрасно што многу години подоцна, едно од децата на Авраам, Господ Исус Христос, дојде на Земјата да го донесе Својот благослов и спасение.

## Слика 6

Бог беше многу поопределен. Околу 1700 години пред раѓањето на Господ Исус Христос, Бог дури кажал од кое племе ќе се роди Спасителот - од племето на Јуда *(Покажи го местото каде што се запишани тие зборови Битие 49:10).* Во Битие 49:10 читаме: "Нема да недостасува кнез од Јуда, и водач од пазувите негови, сè додека не дојде Оној, Кому му припаѓа власта, и Тој е надеж на народите".

Луѓето требало да чекаат многу години за да го видат исполнувањето на ветувањето, но Бог е верен. Имало долг период кога иднината на племето Јуда изгледала несигурна поради нивната непослушност кон Бог, така што луѓето од племето Јуда биле одведени како заробеници во Вавилон. Бог се погрижил за нив и ги вратил назад во земјата, за да се исполни Неговото ветување.

Господ Исус е Цар, Кој дојде да владее во нашите срца и животи. Тој може да нè направи такви какви што сака да бидеме. Тој ги исполнува Своите ветувања.

Ако ти и јас можеме да претскажеме што ќе се случи по 17 дена, тоа би било одлично. Но, Бог претскажал што ќе се случи по 1700 години. Ветениот Цар дошол. Ти можеш да го прифатиш тоа ветување за себеси. Можеш да Му станеш послушен и да Му кажеш: **"Мој Господ и мој Бог"**.

## Слика 7

Бог бил толку точен што ни го кажал и семејството во кое ќе се роди Спасителот. Околу 1000 години пред Господ Исус да се роди на Земјата, Бог ветил дека Тој ќе се роди во "семејството на Давид". Давид бил едно скромно овчарче. Тој се грижел за овците по полињата. Тој имал седуммина браќа постари од него, но Бог го избрал него да владее со својот народ. Давид бил добар цар. Некои од неговите потомци биле лоши цареви, а некои добри. Времетраењето на владеењето на тие цареви било различно, но имало еден кој требало да дојде, поинаков од другите *(Покажи го местото каде што се запишани тие зборови - 2 Самуилова 7:12-16).*

Бог му рекол на царот Давид: "Јас ќе го воздигнам по тебе твоето семе, ... и ќе го зацврстам царството Негово... Јас ќе бидам Негов татко и тој ќе ми биде син... Јас ќе го утврдам престолот на царството негово засекогаш". Царот над царевите требало да дојде за да владее вечно. Неговото царство е поинакво од оние во овој свет. Тоа е небесното царство, во кое тој владее со вистина, праведност и љубов. За тебе и за мене, кои веруваме во Господ Исус Христос, Тој е нашиот Цар. Новороденото бебе ќе се врати овде на Земјата за да владее со моќ и слава, овде на Земјата. Сите ќе признаат дека Тој е Господар над сѐ. Ако не Го прифатат како свој Спасител и Цар во овој живот, тогаш еден ден тие ќе треба да разберат дека Тој е Господар на животот што доаѓа. Тогаш ќе биде предоцна да се спасиш. Ако тие не Го сакаат Него и Неговото простување во овој живот, ќе ја добијат казната за своите животи засекогаш во животот што доаѓа. Господ Исус ќе рече: "Бегајте од мене, не ве познавам".

Дали Господ Исус е твој Цар, твој Господ? Дали Тој владее со твојот живот? Ти можеш да се обратиш кон Него денеска и да побараш од Него да ти го прости твојот грев и да ја преземе контролата врз твојот живот. Во Библијата пишува: "Затоа Тој може и за вечно да ги спаси оние, кои преку Него доаѓаат кон Бог" *(Евреите 7:25).* Ако побараш од Него да те спаси, Тој ќе го направи тоа во согласност со Неговото ветување.

## Слика 8

Бог бил уште поточен во Своите ветувања за доаѓањето на Спасителот. Не само што Тој ни кажал за народот, племето и семејството во кое Тој ќе се роди, Бог дури ни претскажал и која ќе биде мајката на Спасителот. Бог, 750 години пред Неговото раѓање, рекол дека Тој ќе се роди од девица *(Покажи го местото каде што се запишани тие зборови Исаија 7:14).*

Бог, преку својот пророк Исаија рекол: "Девица ќе зачне и ќе роди Син и ќе Му го дадат името Емануел". Едно големо чудо требало да се случи во телото на оваа млада девојка, која никогаш не била со маж. Ниедно друго новороденче не се родило на тој начин. Јосиф не бил татко на Господ Исус Христос. Негов Татко е Бог. Божјиот Син, Кој секогаш бил со таткото на небото, станал човек. Светиот Дух работел на посебен начин, така што Марија му станала мајка на тоа новороденче, Кое било Бог и човек во иста личност. Тој е Емануел, што значи: **"Бог со нас"**. Ние не можеме да разбереме една ваква мистерија, дека Божјиот Син требало да живее во телото на Марија, пред да се роди на првиот Божик.

Бог го исполни тоа прекрасно ветување, иако изгледало невозможно за Исаија и за многумина други. Било потребно Спасителот да биде и Бог и човек. Само совршен човек може да умре на местото на грешник; само Божјиот Син можел да го земе местото на

многумина на Голготскиот крст. Некој толку многу те љуби, што умрел за тебе. Божјиот Син го дал својот живот за да го одземе твојот грев. Бог, 750 години пред да дојде Спасителот, ни ја покажа мајката преку која требаше да се роди тоа дете.

## Слика 9

Повторно, над 700 години пред раѓањето на Христос, Бог ни покажал преку еден од Неговите гласници, Михеј, во кој град ќе се роди Спасителот. Тоа било гратчето Витлеем *(Покажи го местото каде што се запишани овие зборови Михеј 5:2).*

Михеј бил воден од Светиот Дух да ги напише овие зборови: "И ти, Витлееме Ефратов, иако си најмал меѓу илјадниците Јудејци, од тебе ќе ни излезе Оној, Кој треба да владее во Израилот и чие потекло е од почетокот, од вечноста". Единствениот Кој е вечен е Бог. Немало време кога Божјиот Син не бил таму. Тој бил таму уште пред создавањето на светот. Тој е создател на сè. Требало да стане човек за да биде наш Спасител. Бог избрал точно место на оваа Земја, каде што се родил. Ги водел во сè што им се случувало, така што Марија и Јосиф биле принудени токму тогаш да одат во Витлеем, поради наредбата на императорот Август. Тие живееле во Назарет, но требало да тргнат на еден долг пат, околу 40 дена одење за да стигнат во Витлеем. Бог ги исполнил сите свои ветувања, вклучувајќи го и тоа дека Неговиот Син ќе се роди во Давидовиот град. Нели е прекрасно како Бог ги водел во секој во секој нивни чекор. Ние денеска немаме време да ги разгледаме другите 300 ветувања во врска со Спасителот.

## Слика 10

Најпосле, кога сè било подготвено, ветениот Спасител се родил. Сите ветувања во врска со Неговото раѓање, живот, служење, биле исполнети точно како што рекол Бог.

Многу луѓе биле изненадени од местото што Бог го избрал за раѓањето на Спасителот. Тие мислеле дека најважната личност во историјата на човештвото треба да се роди во палата, опкружен со богати, моќни луѓе. Не, ветениот Спасител се родил во една темна штала, што се користела за чување добиток. "Тој, бидејќи богат, осиромаши поради вас" *(2 Коринтјаните 8:9)*. Марија го зела новороденчето, го повила во пелени и го положила в јасли, од каде што се хранеле животните. Шталата била нечиста и мирисала непријатно. Господ Исус се родил во голема сиромаштија. Оној Кој го создал универзумот, царот на славата, станал новороденче, кое било слабо и целосно зависело од грижата на мајка му. Бог станал човек, така што Исус Христос е целосно Бог и целосно човек. Зошто било потребно тоа? Зошто Тој дошол? Во Библијата се кажува дека Тој дошол да нè избави од нашиот грев. Ние сме Му биле непослушни на Бог и единствениот начин да се избавиме од нашиот грев е Божјиот Син да стане човек и да умре и воскресне за нас.

## Слика 11

Важно е да ги погледнеме случувањата во Витлеем. Господ Исус по раѓањето израснал и станал возрасен човек. Тој бил совршен, единствениот Кој никогаш не згрешил. Тој отсекогаш Му бил послушен на Својот небесен Татко. Еден ден на крстот Тој ја зел казната за нашите гревови. Тој платил за нас, туку со злато или сребро, туку со Неговата скапоцена крв, со Неговиот живот.

Бог ни ветил дека Тој не само што ќе умре на крстот туку и ќе воскресне од мртвите. Токму тоа се случило. На третиот ден, во неделата наутро, на Велигден, воскреснувајќи,

Господ Исус, ја победил смртта. Бог ни покажал со тоа дека Неговата жртва на крстот била доволна да го преземе врз себе нашиот грев и дека Тој навистина е Божјиот Син. Зар е тогаш чудно што ангелите го славеа Бог при Неговото раѓање, велејќи: "Слава на Бога во висините" *(Лука 2:14)*.

Така, овде има една голема радосна вест на Божик: "Зашто денеска ви се роди Спасител, Кој е Христос Господ" *(Лука 2:11)*. Оној Кој Бог ни го ветил, во сите овие години, дошол и направил сè што било потребно за да го преземе врз себе нашиот грев.

## Слика 12

Со голема радост можам да ти кажам дека сè е направено за тебе, за да ти се простат гревовите и дека ќе можеш да бидеш заедно со Бог. Ветениот Спасител дошол, Оној Кој ни беше потребен. Дали можеш денес да разбереш дека си грешник, кој Му бил непослушен на Бог? Ти мораш да го признаеш својот грев и да сакаш Господ Исус да го измени твојот живот. Можеш ли да видиш дека Господ Исус е единствениот Спасител, Кој Бог вети дека ќе ни го испрати? Потребно е да побараш од Господ Исус да те избави од твојот грев. Ако навистина го мислиш тоа, можеш да Му кажеш на Господ Исус токму сега: **"Господе Исусе, спаси ме"**. Ова е ветувањето од Бог за тебе, ако на овој начин дојдеш кај Него денеска, одвраќајќи се од гревот и целосно ставајќи ја својата доверба како во твој Господ и Спасител: "Кој доаѓа при Мене, нема да го испадам надвор" *(Јован 6:37)*. Неговото ветување е вистинито; можеш сосема да се надеваш на тоа. Тој ќе ти го прости твојот грев и ќе те направи таков каков што сака да бидеш, ако се одвратиш од својот грев и лично поверуваш дека Тој е твој Господ и Спасител. Неговото ветување може да се исполни во твојот живот. Тој сака да биде Спасител во твојот живот.